НОВА МАКЕДОНИЈА
ПРВИОТ МАКЕДОНСКИ ДНЕВЕН ВЕСНИК






# Зошто Мазев, Хаџи Бошков, Куновски... немаат свој музеј?

*Дневен весник (Ед. бр. 24105)*

**ЛИК**

26.07.2017 14:25

99




Весна Дамчевска
vesna.d@novamakedonija.com.mk
Повеќе од овој автор


Холандија го има Ван Гог, Шпанија го има Пикасо, Франција го има Роден, Америка го има Џексон Полок, Јапонија ја има Кусама, Црна Гора го има Петар Лубарда... Македонија го има Петар Мазев, најбележитиот

**Засега посебни музеи имаат само сликарите Никола Мартиновски во Крушево, Кераца Висулчева во Ресен, збирките на Љубомир Белогаски и Родољуб Анастасов, но во состав на Музејот на град Скопје, Коџоман во Струга... Скопје и Македонија немаат мали локални музеи, по теркот на европските (Ван Гог во Холандија, Пикасо во Шпанија, Роден во Франција...), иако бројката на уметници што го заслужуваат тоа е импозантна**

сликарски бренд во државава, заслужува и тој да има музеј, ние тоа му го должиме! Оваа иницијатива на нашата респектирана историчарка на уметност и долгогодишна директорка на Музејот на современа уметност, Соња Абаџиева, е поттик за отворање на прашањето зошто некои од нашите најбележити современи уметници немаат свои музеи како што тоа е практика во европските градови.

Абаџиева во октомври ќе работи на подготовка на јубилејот за Мазев заедно со Националната галерија на Македонија, што можеби би бил вистински момент за отпочнување на една ваква иницијатива.
- Идејата ми ја поттикна размислата дека малку сме сториле за нашите големи уметници: Петар Мазев, Петар Хаџи Бошков, Борко Лазески, Јордан Граблоски. Пред сè Мазев го сметам за корифеј на македонското сликарство. Тој е еден од иницијаторите и основачите на Факултетот за ликовни уметности. Ја разви до максимум првобитната линија на експресионизмот, која му ја должиме на Никола Матиновски. Го сметам за најголемиот експресионистички сликар во Македонија што успеа да ги спои апстрактниот и фигуративниот експресионизам во совршена неделивост. Неговата вонсериска педагошка работа и харизмата со која ја реализираше факултетската настава создаде невиден број негови приврзаници, голема генерација на експресионисти и стана сликарска парадигма пар екселанс во Македонија. Неговите самостојни изложби во Њујорк и во Питсбург добија фантастични критики, што го ставија неговото творештво на пиедестал, споредувајќи го, дури и давајќи му предност наспроти уметници како Џексон Полок, Вилем де Кунинг... - вели Абаџиева, набројувајќи само дел од многуте причини зошто овој великан на македонската уметност заслужува простор во кој ќе биде сместена неговата импозантна оставина.

Таа предлага како една од варијантите, неговата куќа и ателје во Сарај да се адаптираат за музеј во согласност со семејството, што може да биде фантастична туристичка атракција.
Засега посебни збирки музеи имаат само сликарите Никола Мартиновски во Крушево, (никогаш ненаправената куќа на Личеноски покрај Вардар, која ја ветуваа од 2006 година), Кераца Висулчева во Ресен, Белогаски во Музеј на Скопје, Коџоман во Струга... Уметникот Никола Пијанманов предлага веднаш да се стават како приоритет и Петар Мазев, Димитар Кондовски, Спасе Куновски, Владимир Георгиевски.
- Ние како народ немаме музејска свест, немаме свест нештото што вреди да го сочуваме за идните генерации, а не, пак, да го претставиме пред јавноста. Магацините ни се преполни со непотребни предмети што не служат за ништо, а наследствата како да испаруваат со времето. Ги снемува некаде. Не сакаме да се сеќаваме. При истражување на дела од стари мајстори, како проект на организацијата „Транзен“, наидував на фрапантни примери за негрижа во чувањето на ликовните дела (платна, хартии, скулптури), како во државни институции така и во приватните колекции. Свиткани и стуткани во фиоки, подруми, ниту ставени во рамка ниту пак закачени на ѕидовите. А се работи за културната историја на еден народ, на една земја - вели Пијанманов.

Со отпочнувањето на овој проект тој се соочил со фактот дека луѓето прв пат се информирале дека нештата што ги поседуваат дома вредат многу.
- Низ европските држави речиси секоја општина, населба, па и село, има музеј на своите локални уметници. Постојани поставки што младите задолжително ги посетуваат и се запознаваат со уметноста на своите предци. Ние овде учевме и учиме само од нејасни репродукции, се разбира ако и нив успеете да ги пронајдете. Кај нас, мапата на ликовни творци чии дела заслужуваат да бидат претставени во постојани поставки во вид на куќи-музеи или како дел од поставките на некои институции е голема - вели Пијанманов.
Уште порано тој имал информации дека најголемиот македонски скулптор Димо Тодоровски пред својата смрт ја заветил својата куќа-ателје како постојана поставка на своите дела. Поминале децении, но ништо од тоа не е реализирано.
- Истото се случува со куќата-музеј на Личеноски покрај Вардар, која иако неговата сопруга Зое ја подари со сета колекција на државата, таа остана запуштена и неотворена за јавноста. На потег е Министерството за култура за овој објект од капитално значење. Среќа имаа уметниците Љубомир Белогаски и Родољуб Анастасов, чии големи богати колекции ги вдоми Музејот на град Скопје. Како најприоритетни ликовни збирки за јавни поставки би ги посочил капиталните творештва на Димитар Кондовски, Петар Мазев, Спасе Куновски, Петар Хаџибошков, Димо Тодоровски и скоро починатиот професор Владимир Георгиевски со колосално сликарско и вајарско творештво. Сигурно испуштив некој голем сликар, затоа што оваа земја ги има во изобилие - вели Пијанманов.

Според него, сите овие поставки не мора да се направат во главниот град, може да се следи примерот со куќата-музеј на Мартиновски во Крушево и спомен-галеријата на Кераца Висулчева во Ресен, кои се одличен показател за децентрализација на културата.
- Одлична е иницијативата и на МНТ, кои во своето фоаје трајно ги згрижија портретите на Кондовски, иако некои од нив не се во сопственост на театарот. Не треба многу простор, само волја. Исто така не смеат да се заборават локалните институции за култура во градовите кои потпаѓаат под Министерството за култура, а тоа како одговорно треба да им наложи програма и стратегија според која ќе се грижат за големите сликари што твореле или живееле во тие места. На тој начин ќе се развива и квалитетен ликовен туризам, по теркот на европските мали локални музеи. Не смее да се препуштаат работите на милоста и желбата на вработените во институциите, кои најчесто не водат сметка за зачувување или популаризација на делата од доајените на македонското ликовно творештво. Мора да постои постојан притисок за тоа од самата уметничка фела, но најмногу од Министерството за култура. Постојаната национална поставка во „Даутпашин амам“ е премала за да се смести и прикаже реално македонското сликарство на едно место, а некои големи автори се претставени со само едно дело, некои воопшто и не се. Се разбира, преговорите со фамилиите и наследниците на сликите во чија сопственост се делата треба да се водат во континуитет, со стратегија, не само тогаш кога тие ќе бидат потребни за реализација на некоја изложба - вели уметникот и дополнува дека токму ваквите поставки, со артефакти, предмети и автентични објекти од ателјето и животот на уметникот се највозбудливи за јавноста.